ле. Откако државникот подолго вре- те им овозможуваат и задоволува- освен економско-пазарните. И нај

## ПИСМА
pisma@vreme.com.mk

# Тенденциозна изјава на Коробар

На интернет-изданието на „Време“ од 7 јуни наидов на текстот објавен по повод мојот кураторски проект „Работнички клуб“ што во моментов е поставен во Националната галерија во Прага во рамките на Меѓународното биенале на современа уметност 2005. Моево писмо е реакција на тенденциозната изјава на г. Климе Коробар објавена во истиот текст. Тој како директор на Музејот на Скопје, каде што бев вработена до 31 декември 2004 година, покрај други невистини во врска со Солунското биенале 2004, на кое бев лично поканета како национален куратор, тврди дека јас во Музејот на Скопје сум работела само една година - наводно од 3 години вработување, на отсуство сум била 2 години.

Изјавата на г. Коробар навистина е тенденциозна и со потценување се однесува кон мојата професионална работа (за да се огради од секаква одговорност). Намерно превидува дека од 1993-2005 во Музејот сум била куратор на околу 60 самостојни или групни проекти, како надворешен соработник, со договор, или во постојан работен однос како кустос во Отвореното графичко студио: тоа сигурно не би било можно да се оствари за период од една година. Што се однесува до моите отсуства поради подготвувањето на докторатот, тие беа секогаш регулирани според Законот за работни односи и правилникот за работа на Музејот, сè до негативниот одговор на моето последно барање за отсуство од септември 2004, кој намерно ми беше доставен со задоцнување од 2 месеци и по интернет (исто како подоцна и отказот), не оставајќи ми никаква можност за редовна легална процедура.

Би сакала да го дообјаснам и случајот со Солунското биенале, за кое г. Коробар нуди непотполни податоци. Точно е дека Солунското биенале ангажираше грчка фирма за пакување и за транспорт, но поради тоа што таа фирма не обезбедуваше професионално пакување во дрвени сандаци и поради специфичноста на некои од делата, а знаејќи дека Министерството за култура на Македонија има потпишано договор со Солунското биенале за поддржување на оваа манифестација, јас доставив барање до Министерството за култура (преку директорот Климе Коробар) за покривање на разликата во трошоците за пакувањето. Барањето беше со скромен износ од околу 1.200 евра бидејќи сите други трошоци за учеството на 6 македонски уметници беа покриени од страна на грчките организатори. Дали барањето беше одобрено од Министерството и дали бараните средства беа префрлени во Музејот на Скопје јас немам увид, но факт е дека сандаци не беа направени (што институцијата можеше и сама да ги изведе) и како резултат на тоа некои од делата не беа вратени во почетната состојба, а едно дело беше сосема уништено.




Нема да навлегувам во многуте непроверени податоци за корупција и поголеми финансиски скандали поради тоа што во тоа немам личен увид. Можам да зборувам само за проблеми што се појавуваа во моите кураторски проекти - постојано кратење и поместување на термини, непотизам, пренамена на средства и сл. (еден од последните слични конфликти беше резултат на обидот од страна на г. Коробар за делумна пренамена на средства од печатењето на поканата за изложбата на Британскиот совет Мултипликации (26 јули-26 септември, 2004), која јас ја договорив директно со Британскиот совет во Англија и при чие реализирање остварив одлична соработка со локалната канцеларија на Британскиот совет во Скопје). Токму поради таквиот однос кон странските партнерски институции Македонија често губи континуитет во меѓународната културна соработка.

Затоа, не само што не сум лута (како што тврди г. Коробар) што поради наводниот колективен договор го загубив тешкостекнатото работно место во Музејот на Скопје, туку напротив, поради сите нерегуларности во работата на институцијата и непрофесионалноста на г. Климе Коробар, сакам јавно да му се заблагодарам на мојот поранешен директор што со одлуката за отказ ме ослободи од одговорноста пред уметниците и пред домашните и странските професионални партнерски институции за непрофесионалните одлуки и постапки врз кои како куратор немав контрола ниту можност да ги променам.

За среќа, мојата кураторска кариера продолжува во институциите што ја ценат мојата долгогодишна професионална работа, како на пример Музејот на современата уметност во Кумамото (Јапонија), каде што веќе втора година сум член на Меѓународниот совет на музејот, Националната галерија во Прага, каде што сè уште трае мојот проект „Работнички клуб“, и Голдсмитс-колеџот при Лондонскиот универзитет, каде што хонорарно предавам Кураторско знаење. Се надевам дека по моето враќање во Македонија ќе можам да соработувам со некои други попрофесионални институции, или со Музејот на Скопје, но со друг директор.


**Сузана Милевска**
**Предавач и докторски кандидат на колеџот Голдсмитс при Лондонскиот универзитет**



ВРЕМЕ

**ИЗДАВА:** ДОО „ВРЕМЕ ЕЧ“, 50. Дивизија 12, 1000 Скопје; **ДИРЕКТОР:** Александар Дамовски
**ГЛАВЕН УРЕДНИК:** Георги Барбаровски; **ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:** Зоран Андоновски; **ЗАМЕНИК-ГЛАВЕН УРЕДНИК:** Стојанка Митреска **УРЕДНИЦИ:** Зорица Дарковска, Жарко Јорданоски (Македонија), Дејан Николовски (Хроника), Цветин Чилиманов (Свет), Јасна Франговска (Култура), Елена Ристеска (Скопје), Горан Манчевски (Спорт), Љупчо Јолевски (прилози), Анета Стојкоска (Мали нешта), Роберт Атанасовски (Фото); **ТЕХНИЧКИ УРЕДНИЦИ:** Киро Нушев, Филип Спировски, Ѓорѓи Титиев, Бобан Тодевски, Марјан Делевски; **ЛЕКТОРИ:** Ружица Пејовиќ, Сузана Митревска;
**ДИСТРИБУЦИЈА:** Времетрејд, **ДИРЕКТОР:** Горан Христовски тел. 2580-020, 2580-021; **МАРКЕТИНГ:** Слободан Пејоски, тел. 3299880;
**ПЕЧАТИ:** Печатница „Цетис принт“, **жиро-сметки:** 210058090610167 Тутунска банка АД, Скопје; 220521100600542 Македонска банка АД Скопје; **Даночен број:** 030003492576
**Првиот број на весникот излезе на 4 февруари 2004 година**
**РЕДАКЦИЈА - тел.** 32 99 888; **факс:** 32 99 887; **e-mail:** vreme@vreme.com.mk; **веб-сајт:** www.vreme.com.mk

АПМ